# студентско ехо

БРОЈ 27, АПРИЛ 2025
БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК



GOCE DELCEV UNIVERSITY

ACE² EUROPEAN UNIVERSITY

Applied
Connected
Entrepreneurial &
Engaged

## СОДРЖИНА:


ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ
ДЕН НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ВАЛУТА-ДЕНАР
ПЛАКЕТА НА УГД ОД ЦРВЕН КРСТ НА МАКЕДОНИЈА
ТРАГЕДИЈА ВО КОЧАНИ
ПРЕСЕК НА ДОСЕГАШНАТА АКТИВНОСТ НА ПРАВНАТА КЛИНИКА
ОДРЖАН ОТВОРЕН КАРИЕРЕН ДЕН НА УГД
ПРОФЕСОРКИ ОД ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ НА УГД УЧЕСТВУВАА НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО САД
ПОЧИНА ПАПАТА ФРАНЦИСК!!!
ДАЛИ ЗНАЕВТЕ?
КОНФЕРЕНЦИЈА НА ООН ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ВО БАКУ
ПОИМИ ОД МЕДИУМИТЕ И НОВИНАРСТВОТО
ПРОМОВИРАНА КНИГАТА “ЗУРЛАЏИСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”
ВО ВИНОТО Е ВИСТИНАТА
КОИ ДОБИТНИЦИ НА НОБЕЛОВА НАГРАДА ЗА МИР БИЛЕ УБИЕНИ
ФОРМИРАН СИНДИКАТ НА ЈАВНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСТОИ ВОЗБУДЛИВО ЛЕТО ВО ШТИП
ГРЕНЛАНД
УБАВИНИТЕ НА МАЛТА
СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ: ”ПАТУВАЊЕ ВО ТРАДИЦИЈАТА И ПРОСЛАВАТА”
ОДБОЈКАРИТЕ НА ШТИП УГД ВТОР ПАТ ПО РЕД ГО ОСВОИЈА КУПОТ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025


## ИМПРЕСУМ:


„Студентско ехо“ 27
Студентско списание
Катедра по новинарство и односи со јавноста
Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“
Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година
(основач на списанието е проф.д-р Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)

Главен и одговорен уредник:
проф. д-р Андон Мајхошев

Графички уредник и фотографија:
Александар Максимов

студентско ехо

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ











На 27.03.2025 година во свечената сала на Ректоратот се одбележа 18 години од основањето на Универзитетот“Гоце Делчев”- Штип. Трагичниот настан во Кочани го промени концептот на одбележувањето на овој важен ден за УГД. Оваа година настанот се оджаа скромно поради трагичниот настан во Кочани во кои загинаа 59 млади лица. Одбележувањето на годишнината на УГД започна со едноминутно молчење на присутните. Во рамките на настанот беа наградени најдобрите студенти за остварените резултати во минатата година, а се доделија признанија и благодарници на повеќе професори, соработници и вработени кои оствариле добри резултати во минатата година во областа на истражувањето, науката и работењето. Освен тоа, со доделување на дипломи беа промовирани новите доктори на науки кои докторирале на УГД во 2024 година.











УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА ВАЛУТА-ДЕНАР

**Република Македонија по стекнување на независноста во 1991 година воведе сопствена национална валута. Официјално националната валута во државата е воведена на 29.04.1992 година со назив денар и оваа дата се смета за официјален ден кога е воспоставен монетарен и валутен суверенитет на државата.**






По тој повод, во организација на Катедрата за финансии на Економскиот факултет при УГД-Штип на ден 29.04.2025 се одржа 4от по ред научен собир “Ден на денарот”. Научниот собир, беше убава можност присутните свечено да го одбележат Денот на монетарното осамостојување на РМ и прогласување на денарот за национална валута, туку и да дебатираат за значењето на монетарната независност, стабилноста на денарот и финансискиот систем, како и улогата на јавните финансии во градењето на силна и стабилна економија.

Оваа година главна тема на научниот собир беше работата на Управата за јавни приходи. За таа цел, беше поканета директорката на Управата за јавни приходи м-р Елена Петрова, која во своето излагање, освен за историскиот развој на институцијата зборуваше и за контролната функција на институцијата во плаќањето на даноците. .

На настанот се обрати и проф. д-р Стеван Габер, кој ја истакна исориската и економската важност на денарот како симбол на монетарната независност и економскиот суверинитет на државата. “Стабилноста на националната валута не се одржува само преку институционални политики, туку и преку постојано вложување во финансиска едукација, професионален развој и градење свест кај младите генерации. Академската заедница има суштинска улога во оформување на идни кадри кои ќе бидат носители на здрав и одржлив економски систем”, изјави професорот Габер.

На настанот присуствуваа и дипломирани студенти од Економскиот факултет во Штип.

Пред почетокот на настанот во Ректоратот беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Универзитетот “Гоце Делчев”-Штип и Управата за јавни приходи на Македонија.








# ПЛАКЕТА НА УГД ОД ЦРВЕН КРСТ НА МАКЕДОНИЈА

По повод 80 години од основањето на Црвен крст на Македонија во свечената сала на Правниот факултет се одржа пригоден настан во форма на панел дискусија. Во рамките на свеченоста на УГД му беше врачена јубилејна Плакета на Црвениот крст, а беше промовирана и Платформа за соработка помеѓу Универзитетот “Гоце Делчев”-Штип и Црвениот крст на Македонија. Модератори на настанот беа проф. д-р Дујовски и Фадби Османи. На свеченото отварање со пригодни говори на присутните се обратија ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски и генералниот секретар на Црвен крст, д-р Саит Саити.

Како вевед на панел дискусијата беше прикажано видео за развојот и достигнувањата на Црвен крст за период од 80 години.

Учесници во панел дискусијата беа: проф. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, проф. д-р Даниелеа Коцева, Ирена Жежова, претставник од студентската организација СОМА на Медицински факултет при УГД-Штип и Викторија Милановска-Патраклиев, претседателка на општинската организација на Црвениот крст во Штип.

На крајот од панелот се разви широка дискусија на присутните, а беа поставени и повеќе прашања од студентите и гостите.



# ТРАГЕДИЈА ВО КОЧАНИ

# БИТКАТА ЗА ИДНИНАТА НА ГРАДОТ ДОПРВА ПРЕСТОИ



Кочани е завиено во црно. На 16.03.2025 г., во раните утрински часови во дискотеката "Пулс" во Кочани се случи незапамтена трагедија во која животот го загубија 59 млади животи. Подоцна оваа бројка порасна на 62 лица, откако во болниците починаа уште три лица. Најмногу од жртвите беа од Кочани, но имаше и од други општини (Скопје, Штип, Виница, Струмица, Пробиштип, Чешиново-Облешево, М. Каменица. По овој трагичен настан, Кочани и Македонија повеќе не се исти. Стравот и песимизмот длабоко навлезе во душата на кочанчани и сите македонски граѓани. Меѓу граѓаните завладеа колективна депресија, страв и безнадежност.

Во критичниот момент никој од присутните не претчуствувал дека набргу ќе се случи голема трагедија. Имено, на самиот крај од концертот на групата ДНК на кровот од објектот се појави оган кој многу брргу се рашири на целиот објект во кој имаше над 500 посетители. Надлежните истакнуваат дека капацитетот на објектот бил многу помал од бројот на присутните. Огнените јазици и густиот чад за многу кратко време усмртија 59 лица. Брзината на ширењето на пожарот ги изненади сите. Никој не веруваше дека пожарот ќе голтне толку млади животи.

Во текстот нема да правиме анализи како се случи трагедијата, кои се причините за пожарот и што преземаат надлежните институции, туку ќе се осврнеме исклучиво на тоа како Кочани да ја преброди оваа трагедија.

Доволно е да прошетаме по улиците на градот за да почуствуваме дека во Кочани владее траорна атмосфера и колективна депресија. Никој не сака да зборува за настанот. Сите молчат. Улиците, кафетериите и рестораните се празни. Никој не влегува во нив, бидејќи ги потсетува на трагичниот настан. Речиси да нема семејство во градот кое не е поврзан со жртвите или повредените. Оптимизам на кочанчани за миг исчезна, а граѓаните ги надвладеа колективен песимизам и страв за иднината. Граѓаните се обвиени во длабока тага и безнадежност. Никој не сака да поверува дека на Кочани му се случи трагедија, која ќе има несогледиви последици врз иднината на градот. Кочани важи за град од кој за две децении голем број на семејства го напуштија градот и се преселија во други држави, првенствено од социјални причини. Граѓаните стравуваат дека трагедијата може да биде акцелератор на поголемо иселување, пред се на младите, со што постои опасност градот да остане без својата иднина-младите.

Меѓу првите институции која веднаш се вклучи и даде помош за ублажување на состојбите од пожарот е Универзитетот "Гоце Делчев"–Штип, кој преку разни форми на помош и поддршка даде огромен придонес за ублажување на последиците. Главен координатор на оперативниот кризен штаб за помош на настраданите и повредените беше Ректорот на УГД-Штип, проф. д-р Дејан Мираковски. Ректорот, како прв оперативец на кризниот штаб, многу брргу воспостави контакт со претставници на институциите и органите во државата и локалната заедница, студентското собрание на универзитетот, синдикатите и др. Во координација со надлежните државни институции беа преземени низа активности за брзо санирање на состојбата. Беа формирани оперативни тимови за помош, центар за поддршка на студентите составен од психолози и психијатри, собирање на финансиска помош на доброволна основа и др. Во рамките на УГД, свој придонес даде и Синдикатот на УГД-Штип, кои издвои финансиски средства во износ од 2.400 евра за помош на своите членови, семјствата на жртвите и повредените.

Многу важен момент за намалување на последиците од трагедијата беше брзата одлука на државата и надлежните институции да го активираат системот на европска цивилна заштита, со што тешко повредените лица беа прифатени во многу европски клиники. Европа и нашите соседи ширум ги отворија вратите на клиниките и болниците во кои беа хоспитализирани околу 100 тешко повредени лица.

Несомнено трагедијата предизвика тешки последици, како за градот, така и за државата. Според проценките на докторите процесот на рехабилидација, закрепнување на повредените и ослободување од колективната тага и болка ќе трае долго. Времето минува, а животот на кочанчани многу бавно се враќа во нормала. И покрај трагедијата, во градот постепено се раѓа нова надеж и нова енергија на младите и семејствата. Кочанчани секоја сабота протестираат, за да ги потсетат надлежните да ги решават проблемите во градот, но, бараат и одговорност на виновниците за изгубените животи и повредените лица.

Кочани заслучува помош и највисок приоритет на државата за надминување на негативните состојби. Надежта на граѓаните мора да ги победи песимизмот и безнадежноста. За да се постигне тоа, потребно е државата и институциите на системот во рамките на своите надлежности да посветат особено внимание на Кочани од секој аспект. Претстои голема битка за иднината на градот. Ако сакаме Кочани да не исчезне од географската карта на Македонија, да не постане град на духови и безнадежност, државата мора да преземе соодветни чекори, и да донесе посебна стратегија за иднината на Кочани, како и да усвои посебни политики за надминување на состојбата. Тоа треба да се стори денес, зошто утре ќе биде доцна. На Кочани му требаат брзи и квалитетни решенија. Кочани има иднина. Кочани има сила повторно да изникне од пепелта на безнадежноста. Државата и граѓаните знаат како да помогнат. Македонија е со Кочани.












ИЛИЈА ЈАНЕВ

# ПРЕСЕК НА ДОСЕГАШНАТА АКТИВНОСТ НА ПРАВНАТА КЛИНИКА

**Правната клиника како мост до правда: Интервју со професорката Милица Шутова**

Правната клиника на Правниот факултет при УГД официјално започна со работа во 2019 година. Наставно научниот совет на Правниот факултет за раководител на Клиниката ја именува проф. д-р Милица Шутова. За пет години функционирање, Клиниката постигна одлични резултати. Стана препознатливо и посакувано катче за едукација и имплементација на знаењето на студентите, но и обезбедување на правда на социјално загрозените категории. Студентите со огромно задоволство се вклучуваат во работата на Правната клиника.. Веднаш по завршување на предавањата во ходникот на факултетот меѓу студентите може да се слушне довикување "Колеги ајде одиме во Правната клиника!!!". "Тоа што го слушнавме на предавањето да го примениме во клиниката". Функционирањето на Правната клиника се заснова на принципот на еднаквост, правичност и правда достапна за секој.

Популарноста и привлечноста на студентите да појдат во Правната клиника е примената на правото, правдата, правичноста, а пред се да се помогне на одредени маргинализирани општествени групи. Клиниката има правна, но и етичка димензија, споени во една. Успешната приказна за работа на Клиниката се должи, пред се, силно изразената желба на студентите да го подобрат сопственото правно знаење, да ја применуваат теоријата во практиката, но и мотивацискиот и мобилизаторски дух, несебичното залагање и соработка на Раководителот проф. д-р Милица Шутова и студентите.

Правна помош во Правната клиника на ПФ помош побарале многу граѓани, претежно лица со загрозен социјален статус и лица во социјален ризик. Секоја среда во холот на Правниот факултет може да се забележи голем број на странки, кои чекаат правна помош. Правната клиника е вмрежена во мрежата на Правнимклиники. Правната помош е бесплатна. Работи транспарентно и отчетно, а секоја година доставува редовен извештај до Министерството за правда.

За активностите и плановите разговараме со раководителот на ПК, проф д-р Милица Шутова.

Во време кога многу граѓани имаат тешкотии во остварувањето на своите права, пристапот до правда



станува клучен за еднаквоста и владеењето на правото. Тој подразбира пристап до постапки, институции, правна помош и информации. Правната помош игра важна улога во овој процес, особено за граѓаните кои немаат финансиски можности.

Токму затоа разговаравме со проф. д-р Милица Шутова, раководителка на Правната клиника при Правниот факултет на УГД – Штип, за тоа како клиниката им помага на граѓаните и ги вклучува студентите во системот на бесплатна правна помош.

***1. Што претставува пристап до правда?***

Пристап до правда претставува пристап до постапка, пристап до институција, пристап до правен совет и информација, пристап до правна помош и застапување, пристап до државни средства. Правната помош го промовира пристапот до правдата, владеење на правото, ја промовира еднаквоста и заштедува пари.

***2. Која е целта на правната клиника и кога беше основана?***

Правната клиника на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип е организациона единица, основана согласно Законот за високо образование, чија цел е реализација на практична настава на студентите. Формирана е во 2019 година и истата година од страна на Министерството за правда согласно Законот за бесплатна правна помош е запишана во регистарот на правни факултети за давање на примарна правна помош. Преку правната клиника студентите имаат можност да следат клиничка настава и да бидат вклучени во системот за бесплатна правна помош, да земат учество во давање на бесплатна правна помош и обезбедување на еднаков пристап до правда за сите.

***3. Што прават членовите на правната клиника и како точно тие помагаат во давањето на правна помош? (Кој може да биде член на правната клиника и како тие се вклучени во давањето на бесплатна правна помош?***

Членови на правната клиника можат да бидат студенти од втора, трета и четврта година на студии. Секоја година, правната клиника објавува конкурс за ангажирање на нови студенти. Сите студентите кои ги исполнуваат условите, може да се јават на јавниот конкурсот и да учествуваат во работата на правната клиника. Може да се забележи дека интересот на студентите во вкл учување во правната клиника секоја година е поголем. Тоа значи дека студентите имаат голем интерес да бидат вклучени во клиничкото образование и ја сфаќаат вредноста на истото.

Откако ќе бидат вклучени, раководителот на правната клиника заедно со асистентите кои се дел од тимот, ги запознаваат студентите со работата на правната клиника и начинот на давање на бесплатна правна помош согласно Законот за бесплатна правна помош. Секоја среда во текот на неделата е ден



за прием на странки. Студентите заедно со тимот на правната клиника примаат странки, разгледуваат предмети, анализираат и даваат мислења за истите.

***4. Во колку случаи сте учествувале до сега и од кои правни области биле тие?***

Имајќи во предвид дека правната клиника е основана во 2019 години, бројот на случаите по кои сме постапувале не е мал. Од година во година се зголемува бројот. За тоа говорат и извештаите што имаме обврска да ги доставуваме до Министерството за правда. Тоа се должи на работата на правната клиника преку применувањето на методите за информирање на граѓаните. Заедно со програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје, правната клиника, активно е вклучена во кампањите од информативен карактер за начинот на користење на услугите за бесплатна правна помош за оние граѓани кои не можат да си го дозволат тоа. Преку меморандуми за соработка со повеќе оптштини (Штип, Струмица, Карбинци, Богданци, Валандово), правната клиника работи на зајакнување на ефективноста, овозможување и унапредување на правото на пристап до правда и правична судска заштита преку размена на знаења, искуства и најдобри практики.

Од досегашното искуство, може да се констатира дека поголемиот дел на случаите се однесуваат на имотно правните, семејно-правните и работно правните односи.

***5. Колку од тие случаи биле успешно решени?***

Правната клиника е давател на примарна правна помош. Примарната правна помош е вид на бесплатна правна помош, која што опфаќа правен совет за правото на користење на бесплатна правна помош, општа правна информација, општ правен совет, помош при комплетирање на барањето за секундарна правна помош, помош при пополнување на формулари, обрасци, составување на претставки итн.

Примарна правна помош се дава на сите заинтересирани физички лица кои имат живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија.

При давање на примарна правен помош, правната клиника постапува професионално и одговорно во однос на давањето примарна правна помош, (почитува заштита на личните податоци), води евиденција и остварува соработка со адвокатите запишани во Регистар на адвокати, со Адвокатска комора на Република Северна Македонија, и другите даваттели на бесплатна правна помош согласно закон. Можеме да кажеме дека правната клиника има реализација на повеке од 70% на случаите.

***6. Како граѓаните можат да аплицираат за правна помош и кои се условите за апликација?***

Сите физички лица кои имаат живеалиште или престојувалиште во Република Северна Македонија можат да се обратат до правната клиника и да побараат примарна правна помош. Како што напоменавме претходно, секоја среда од 10-12 часот во просториите на правната клиника на Правен факултет имаме приемен ден на странки. Странките пополнуваат барање за бесплатна правна помош, даваат краток опис на правното прашање, доставуваат документи и во најбрз можен рок во зависност од правното прашање, правната клиника ги контактира и дава општа правна информација, општ правен совет итн. Зависно од барањето или помага при комплетирање на барањето за секундарна правна помош (за ангажирање на адвокат).

**Од одговорите на Раководителот на Правната клиника, проф. д-р Милица Шутова се гледа дека Клиниката работи успешно, и во целост го оправда нејзиното постоење. Таа е мост помеѓу теоријата и практиката.**



# ОДРЖАН ОТВОРЕН КАРИЕРЕН ДЕН НА УГД

На 15.04.2025 година на платото пред Ректоратот на УГД се одржа Отворен кариерен ден на УГД, на кој младите од Македонија можеа директно да се информираат и запознаат со можностите за стажирање, обавување пракса, вработување и кариерен развој. Настанот привлече голем број студенти и средношколци од Штип, регионот и државата кои директно можеа да се информираат за содржината на студиските програми на факултетите на УГД и можностите за вработување што ги нудат самите програми. Настанот, исто така, понуди можност за вмрежување и директни контакти на учениците и студентите со најдобрите и најуспешните работодавачи од сите дејности, од кои некои од нив на лице место нудат и стипендии и вработување веднаш по дипломирањето.

Настанот беше организиран во соработка со Стопанската комора на Македонија и локалната самоуправа во Штип. На настанот се обратија Ректорот на УГД, проф. д-р. Дејан Мираковски, претставник од Стопанската комора на Македонија, Бизнис заедницата, како и дипломирани и актуелни студенти од неколку факултети на УГД.

Студентите и средношколците што присуствуваа на настанот изразија огромно задоволство од понудените можности и најавија дека ќе студираат на еден од факултетите на УГД-Штип, бидејќи очекуваат брзо вработување. Отворениот и кариерен ден на УГД уште еднаш потврди дека со заеднички напори на Универзитетите, бизнис заедницата и локалната самоуправа, младите во Македонија можат да најдат можности за образование и кариера во својата држава и градот во кој живеат.

Настанот беше поддржан и спонзориран од голем број претпријатија.











Универзитет Гоце Делчев








# ПРОФЕСОРКИ ОД ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ НА УГД УЧЕСТВУВАА НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО САД



Од 21 – 24 април 2025, Деканката, проф. д-р Олга Кошевалиска и проф. д-р Елена Максимова од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип учествуваа на Endicott Global Education Conference: International Security, Justice, and Civil Engagement Talk на Endicott College, Беверли, Масачусетс, САД.

Оваа конференција е во насока на стратегиското работење на Endicott College за поттикнување на интернационална соработка, интердисциплинарно учење и промовирање на можности за решавање на реални светски проблеми. Конференцијата ќе служи како витален форум за унапредување на глобалната соработка во областа на безбедноста и правдата, зајакнување на граѓанскиот ангажман и заштита на меѓународното образование. Истата е превидена како основа за подлабинска идна соработка и вмрежување на професори и експерти од САД, Централна и Јужна Америка и Европа. Предвидено е и отворање на многу нови можности за студентите од сите универзитети, од заеднички истражувања, публикации до размени и студиски престои.





На конференцијата отворено се дискутираа некои од најзначајните глобални предизвици поврзани со безбедноста, правдата и граѓанскиот ангажман, меѓу кои: миграција и трговија со луѓе, трговија со наркотици, нелегална трговија со оружје и организиран криминал, безбедносни ризици, современи предизвици поврзани со сајбер-криминал и вештачка интелигенција и слично. Професорките од Правниот факултет зборуваа за „Адаптацијата на мрежите за трговија со луѓе кон миграциските политики во С.Македонија" и опфатија теми за потребата од заштита на човековите права на мигрантите и несаканите последици кои можат да произлезат при секоја миграциска криза, како и за потребата од разликување од трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти во пракса, токму во насока на реализирање на адекватна заштита на правата. Анализиран беше периодот од 2015 година и почетокот на миграциската криза, до денес, и беа потенцирани сите детектирани предизвици со кои државата се соочи како и унапредувањата на легислативата и на праксата кои настанаа потоа. На прашања на присутните паналисти се отвори широка дискусија при што беше воочено дека проблемите на сите држави во вакви ситуации се заемни и дека единствен начин за надминување на истите е преку сплотена соработка и унифицирана легислатива.



Исто така, имаа и можност да го претстават нашиот Универзитет пред останатите панелисти, неговите капацитети и можности како и учеството на Универзитетот во Алијансата ACE2EU.

Конференцијата обедини приближно 21 делегат од 16 држави од Латинска Америка и Источна Европа, меѓу кои: Албанија, Аргентина, Бразил, Бугарија, Колумбија, Костарика, Хрватска, Хондурас, Косово, Северна Македонија, Панама, Романија, Србија, Јужна Кореја, Уругвај и САД.
Присуството на Правниот факултет на оваа конференција претставува уште еден чекор кон јакнење на нашата меѓународна видливост и академска репутација. Нашиот факултет е горд што ја претставува Р.С. Македонија на ваков значаен меѓународен академски форум и активно придонесува кон унапредување на глобалната соработка во борбата против транснационалниот криминал.
Од 21 – 24 април 2025, Деканката, проф. д-р Олга Кошевалиска и проф. д-р Елена Максимова од Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип учествуваа на Endicott Global Education Conference: International Security, Justice, and Civil Engagement Talk на Endicott College, Беверли, Масачусетс, САД.
Оваа конференција е во насока на стратегиското работење на Endicott College за поттикнување на интернационална соработка, интердисциплинарно учење и промовирање на можности за решавање на реални светски проблеми. Конференцијата ќе служи како витален форум за унапредување на глобалната соработка во областа на безбедноста и правдата, зајакнување на граѓанскиот ангажман и заштита на меѓународното образование. Истата е превидена како основа за подлабинска идна соработка и вмрежување на професори и експерти од САД, Централна и Јужна Америка и Европа. Предвидено е и отворање на многу нови можности за студентите од сите универзитети, од заеднички истражувања, публикации до размени и студиски престои.











На конференцијата активно се дискутираа на некои од најзначајните глобални предизвици поврзани со безбедноста, правдата и граѓанскиот ангажман, меѓу кои: миграција и трговија со луѓе, трговија со наркотици, нелегална трговија со оружје и организиран криминал, безбедносни ризици, современи предизвици поврзани со сајбер-криминал и вештачка интелигенција и слично. Професорките од Правниот факултет зборуваа за „Адаптацијата на мрежите за трговија со луѓе кон миграциските полтити во С.Македонија" и опфатија теми за потребата од заштита на човековите права на мигрантите и несаканите последици кои можат да произлезат при секоја миграциска криза, како и за потребата од разликување на трговијата со луѓе и криумчарењето мигранти во пракса, токму во насока на реализирање на адекватна заштита на правата. Анализиран беше периодот од 2015 година и почетокот на миграциската криза, до денес, и беа потенцирани сите детектирани предизвици со кои државата се соочи како и унапредувањата на легислативата и на праксата кои настанаа потоа. На прашања на присутните паналисти се отвори широка дискусија при што беше воочено дека проблемите на сите држави во вакви ситуации се заемни и дека единствен начин за надминување на истите е преку сплотена соработка и унифицирана легислатива. Исто така, имаа и можност да го претстават нашиот Универзитет пред останатите панелисти, неговите капацитети и можности како и учеството на Универзитетот во Алијансата ACE2EU.
Конференцијата обедини приближно 21 делегат од 16 држави од Латинска Америка и Источна Европа, меѓу кои: Албанија, Аргентина, Бразил, Бугарија, Колумбија, Костарика, Хрватска, Хондурас, Косово, Северна Македонија, Панама, Романија, Србија, Јужна Кореја, Уругвај и САД. Присуството на Правниот факултет на оваа конференција претставува уште еден чекор кон јакнење на нашата меѓународна видливост и академска репутација. Нашиот факултет е горд што ја претставува Р.С. Македонија на ваков значаен меѓународен академски форум и активно придонесува кон унапредување на глобалната соработка во борбата против транснационалниот криминал.



# ПОЧИНА ПАПАТА ФРАНЦИСК!!!

## КОЈ Е ПАПАТА ФРАНЦИСК АРГЕНТИНЕЦ ЗАДОЕН СО СОЦИЈАЛЕН КАТОЛИЦИЗАМ И МЕЃУРЕЛИГИСКИ ДИЈАЛОГ

URBI et ORBI

Папата Франциск замина во вечноста. Почина во Рим на 88 годишна возраст, кој должноста Поглавар на Римокатоличката ја извршуваше 12 години. Веста за смртта на папата Франциск силно ги потресе католичките верници ширум светот.Франциск е 266-ти папа на Римокатоличката црква. По изборот за папа го избра името Франсис, латински Franciskus во чест на Франциск Асишки, скромен монах кој помагал на Католичката црква и сиромашните. Досега, од вкупно 266 папи, дури 217 потекнуваат од Италија.

Тој е првиот папа кој не е од Европа. Доаѓа од периферијата на Црквата, поточно од Аргентина. Роден е во сиромашно предградие на Буенос Аирес во 1936 година. Уште како дете ја сфатил суштината на капиталистичкиот начин на производство и маката на сиромашните слоеви. Отворено го критикуваше капитализмот како облик на политички систем, кој создава социјални и класни разлики. Иако, по потекло е аргентинец, тој, за време на неговиот понтификат (управување) со Светата столица службено не ја посети родната земја. Причина за тоа, е политичката поделеност во државата. Но, пред неговата смрт изјави дека тоа му е голема грешка и дека никогаш нема да си ја прости. Аргентинскиот претседател Хавиер Милеј го нарекол папата „комунист“, „имбецил“ и „левичарски копилен“. Сепак, на погребот на папата и тој пристигна во Рим да му одаде последна почит. Во својот мандат имаше четири апостолски мисии ширум светот. Се смета за папа кој воведе нов стил на управување со Црквата, која се базира на принципот на скромност, едноставност и понизност. Често ги советуваше младите верници да ја прифатат филозофијата на скромност, едноставност и понизност.

Во 2019 година ја посети и Република Македонија. Посетата беше дел од неговата тридневна турнеја во



Северна Македонија и Бугарија и тоа претставуваше прва посета на еден поглавар на Римокатоличката црква на нашата држава. Папата ја посети и Спомен куќата на Мајка Тереза, која во 2016 година од страна на Ватикан беше прогласена за светица.

Папата Франсиск е познат е по многу негови изјави кои имаат моќно влијание врз општествените и политичките процеси во светот. Едно од нив е: “Кога жените управуваат, работите брзо се решаваат, давајќи важно место на жената во политиката“. Тој, отворено се залагаше жените да ги вклучи во хиерархијата на Светата столица, односно и тие да заземаат високи административни



и верски позиции во хиерархијата на Католичката црква. Овој предлог на Папата наиде на голем отпор од конзервативните Кардинали. За него абортусот е убиство и насилно одземање на новиот штотуку зачнат живот.

Исто така, остро е критикуван за неговата изјава дека Црквата е отворена институција и има место за сите, бидејќи од неговите неистомисленици беше погрешно толкувана и интерпретирана. Голема контраверза предизвика и неговото понизно бакнување на чевлите на водачите на политичките лидери во Судан и Јужен Судан, молејќи ги преку тој гест за помирување и престанок на граѓанската војна во нивната држава. Тоа е протолкувано како понижување за постигнување на мир. Ваквото однесување на Папата Франциск од конзервативните кругови на Црквата беше исмејувано и критикувано.

Последен пат пред верниците се појави на Велигден (20.04.2025), но не го објави познатото Urbi et Orbi. (разгласување на нешто до сите, односно објавување на Исусовото воскреснување). Изврши големи реформи во Католичката црква во насока на доближување до обичниот верник и зајакнување на католицизмот надвор од Европа, пред се во Азија и Африка. Тој, за време на неговиот понтификат регрутираше нови кардинали од периферијата на католицизмот (Азија и Африка) кои имаат исти или слични ставови за развојот и реформите на католичката црква.

Папата Франциск беше и голем интелектуалец. Напиша 10 книги во кои разработува тези за животот, среќата, моралот, толеранцијата, надежта, мултикултуризмот, меѓурелигискиот дијалог и др. прашања. Неговите книги се многу читани и продавани ширум светот. Авторските права од неговите книги ги отстапи на Црквата, како и сиот негов имот. Во неговиот мандат беше донесена познатата енциклика (en-ciclica) “Слава тебе” (Ludato Si). Во енцикликата, која има поднаслов „Грижа за заедничкиот дом“, папата Франциск ја разобличува суштината и природата на консумеризмот, карактерот на потрошувачкото општество, одржливиот развој, деградацијата на животната средина и глобалното затоплување и ги повикува сите луѓе во светот да преземат „брза и обединета глобална акција“. Во шестото поглавие од енцикликата, папата се залага за симбиоза и поврзаност на Еколошкото образование и духовноста.

Папата беше непомирлив пацифист. Безусловно се залагаше за мир во светот и прекинување на војната во Украина. Не го доживеа мирот ниту во Газа. Се бореше против лицемерието, за сиромашните, за афирмација на жената во општеството, за заштита на планетата Земја и животната средина. Живееше скромно и едноставно и поради тоа беше наречен “Народен папа”, бидејќи ги помагаше најсиромашните слоеви и маргинализираните групи. Се залагаше за длабоки реформи во Црквата однатре, концепирани на помош на сиромашните и социјална правда. Во неговите апостолски мисии имаше протоколарни посети на населби и квартови каде живеат сиромашните слоеви, доделувајќи им помош. Се возеше со редовниот градски сообраќај наместо со папскиот автомобил. Изјави дека Црквата треба да биде во функција





на сиромашна, а црковните приходи да ги дели со верниците.

Бескомпромисно се залагаше за редовен и отворен меѓурелигискот дијалог и градење на доверба на сите верски конфесии. Во неговото папство, тој се сретна со сите верски поглавари во светот, градејќи мост на пријателство и соработка. Во фусноти ги ставаше најсилните негови мисли. Едноставноста и скромноста беа негови лични вредности Беше папа кој не се однесуваше како Capo di Tutti Capi. Тој беше силна референтна точка на глобалниот католицизам. Беше тих дипломат. Човек кој работеше за добробит на целото човештво.

Папата Франциск е погребан на 26.04.2025 година во катедралната црква Света Марија Маџоре во Рим согласно неговата желба содржана во Тестаментот подготвен во 2023 г. На погребната процесија присуствуваа 400 илјади верници од целиот свет, како и 50-тина шефови на држави, влади и монарси, меѓу кои и претседателката на нашата држава, г-ѓа Гордана Давкова-Силјаноска.

Погребот заврши, а деновиве ќе започне постапката за избор на нов 227-ми по ред Папа на Светата Столица. Веќе започнаа формалните подготовки за свикување папска конклава, односно Колеџот на кардинали за да го избере следниот поглавар. Конклавата за избор на нов папа ќе започне на 07.05.2025 г.и ќе трае до изборот на нов Поглавар на Светата столица. Правилата на конклавата, кои важат од 22 јануари 2025 година, предвидуваат дека има 138 електори со вкупно 252 кардинали. Во тајното гласање можат да учествуваат само кардинали помлади од 80 години. Процесот трае обично 15-20 дена и се одржуваат најмногу четири круга на гласање секој ден додека кандидатот не добие 2/3 мнозинство. Откако ќе се пребројат гласачките ливчиња, односно папата ќе биде избран, гласачките ливчиња се палат во службените простории на Сикстинската капела, по што се испушта бел чад со што официјално се означува дека е избран новиот поглавар на Римокатоличката црква.

По изборот на папата, претставник на Колеџот на кардинали го чита латинскиот проглас Habemus papam, што значи „Имаме папа“, од главниот балкон на базиликата Свети Петар. Потоа, новоизбраниот папа, откако ќе избере папско име (најверојатно во чест на светец или претходник), ќе облече бела облека, излегува на балконот за да го одржи своето прво јавно обраќање пред насобраните верници. Илјадници љубопитни верници кои присуствуваат на плоштадот Свети Петар и Павле со голема возбуда го следат овој многувековен и атрактивен обичај.

Постои една симболична изрека за изборот на Папата: “Оној што влегува на конклава како Папа, излегува како Кардинал“.

За најголеми фаворити за избор на нов папа се сметаат кардиналите: Пјетро Паолини од Италија и Луис Антонио Тагле од Филипини. Ќе се осудиме да прогнозираме, иако, тоа е против принципите на новинарската етика, дека, новиот папа ќе дојде од просторите на Азија или Африка, кои се сметаат за периферија на Католичката црква.

Папската конклава, како интересен феномен и процес, ја испровоцира светската кинематографија да го сними филмот “Конклава”, кој доби оскар за најдобра адаптирано сценарио за 2024 година. Во овој политики трилер е прикажана улогата на кардиналот Томас Лоренс, кој ја организира конклавата за избор на нов папа, а ги истражува и задкулисните игри и скандали во врска со изборот на папа.

# ДАЛИ ЗНАЕВТЕ?

Науката открила дека речиси кај сите животни полот се одредува уште во утробата на мајката. Меѓутоа, кај морските желки тоа зависи од температурата каде се положени јајцата. Ако јајцата се положат на место каде температура е над 28 степени Целзиусови, во тој случај полот однапред се знае дека тоа ќе биде женски. Доколку, пак, јајцата бидат положени на места каде темепературата е под оваа температура, тогаш полот на новоизведените желки ќе биде машки.
Со оглед на фактот што живееме во процес на глобално затоплување, во иднина може да се очекува половата рамнотежа постепено да се наруши и да има повеќе женки од машки единки. Со ова е загрозена биолошката репродукција на морските желки, а со самото тоа нејзиниот опстанок како животински вид.












Дали знаетвте дека помеѓу 1957 и 1976 година постоела редовна автобуска линија помеѓу Лондон и Калкута во Индија. Релацијата била долга 32.700 километри и била најдолгата во светот во тој период. Патувањето траело 50 дена и билетот чинел 145 британски фунти. Во автобусот имало кревети на катови и мала кујна. Со автобусот претежно биле патници од Британија и Индија, но имало патници кои патувале од Англија до Белгија, Западна Германија, Австрија, Југославија, Бугарија, Турција, Ирак. Автобусот попат застанувал на атрактивни туристички места, но и на места за пазарење во Виена, Истанбул и Иран. Оваа дестинација била возбудлива авантура, особено за оние кои патувале од почеток до крај на релацијата без соодветни услови за хигиена.






# ЗЕЛЕНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## Конференција на ООН за климатски промени во Баку (COP29)

**Светот е пред голем цивилизациски предизвик за негативните процеси со климатските промени. ООН, како глобална меѓународна организација презеде сериозна активност во борбата со климатските промени. Од 1995 година, секоја година се одржува Конференција на ООН за климатски промени (COP-Conference Change Parties) на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (UNFCCC). Тоа е мултилатарен форум на кој се донесуваат одлуки за справување со климатски промени. На Конференцијата учествуваат делегации од речиси сите држави-членки на ООН, научници, климатолози, екологисти, домородните народи, како и претставници од бизнисот и невладиниот сектор.**
**Досега се одржани 29 меѓународни конференции за климатски промени. Првата Конференција COP1 се одржа во 1995 година во Берлин. Во рамките на серијалот COP конференции многу важна е COP3 одржана во Кјото, Јапонија, на која е усвоен познатиот Кјото протокол, кој ја воведе обврската на индустриски развиените држави за намалување на стакленичките гасови. Протоколот од Кјото не го ратификуваше Конгресот на САД, иако претседателот Бил Клинтон го потпиша. Администрацијата на Џорџ Буш Јуниор дефинитивно го отфрли Протоколот од Кјото.**
**COP29 се одржа во Баку, Азербејџан од 11 до 22 ноември 2024 година. На Конференцијата повторно се дебатираше за климатските промени во светот и нејзиното влијание врз иднината и опстанокот на цивилизацијата. На COP29 во Баку се постигна договор за: зголемување на финансиски средства за справување со климатските промени. Во фокусот на конференцијата COP29 е финансирањето на земјите за значително намалување на емисиите на стакленичките гасови, кои до 2050 година да се сведе на нето-нула емисии. За постигнување на оваа цел, државите договорнички одлучија тројно да го зголемат фондот за справување со климатските промени и заканите поврзани со климата и помош на државите кои се најпогодени од овие промени. Исто така, на Конференцијата се потврди одлуката да се спречи зголемување на глобалната температура за 1.5 степени Целзиусови.**
**Сајмон Стил, извршен секретар на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, изјави дека најмалку две третини од земјите треба да бидат подготвени брзо да ги намалат емисиите, “во спротивно, секокја држава ќе плати брутална цена”.**
**Од нашата држава присуствуваше делегација предводена од председателката на РМ, Гордана Давкова-Силјановска.**

# ПОИМИ ОД МЕДИУМИТЕ И НОВИНАРСТВОТО

**Поимот Gate keeping е релативно нов поим и се среќава во теоријата на новинарството и медиумите. Кованицата gate keeping во превод од англиски на македонски може да се преведе како чување на портата. Кој е чувар на портата? Чувар на портата (gate keeper) е уредникот на медиумот кој одредува која информација ќе протече низ портата (медиумот). Во редакциите пристигнуваат мноштво информации од разни настани, но сите не се објавуваат. Уредникот е тој којшто одредува која информација ќе биде објавена и пуштена во етерот. Всушност, уредникот не медиумот се јавува како селектор на информациите.**

**Поимот Agenda Setting, исто така, е поим кој се користи во теоријата на новинарството и медиумите. Суштината на овој термин произлегува од кованицата на два збора/поими Agenda и Setting. Зборот Агенда значи дневен ред., а се користи и терминот програмска рамка. Начинот на којшто медиумите ги селектираат вестите и го поставуваат редоследот на важноста на актуелните вести и темите за информирање. Преку медиумската рамка медиумите ги формулираат темите и прашањата што треба да се постават, со што тие се здобиваат со моќ да ги наметнуваат темите и вестите од јавен интерес. Медиумската агенда е поизразена во електронските медиуми, телевизијата и радиото, во споредба со весниците каде што читателот може да го игнорира редоследот на поставените вести од страна на уредничкиот тим на весникот.**









# ПРОМОВИРАНА КНИГАТА “ЗУРЛАЏИСКАТА ТРАДИЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”





На 20. декември 2024 година во концертната сала на Музичката академија при УГД-Штип се одржа промоција на книгата “Зурлаџиската традиција во РМ”, од проф. д-р Горанчо Ангелов. Книгата ја промовираа проф. Родна Величковска, Етномузиколог, од Институтот за фолклор Марко Цепенков при УКИМ-Скопје, и проф. Лозанка Пејчева, Етномузиколог од Институт за етнология и фолклористика со Етнографски музеј во Софија, БАН, Бугарија.

Промоторите на промоцијата истакнаа дека станува збор за оригинална научно-истражувачка публикација со исклучителна научна и академска вредност.







МЕЛАНИЈА РИСТОВА

# ВО ВИНОТО Е ВИСТИНАТА

Македонија е познат производител на вина. Вината од Македонија се познати и барани ширум светот, бидејќи се препознатливи по својот квалитет и географското потекло. Поради тоа Македонија е позната винска дестинација за туристи кои уживаат во вкусот на виното. Во 2023 година во државата биле регистрирани 250 винарии кои се лоцирани на целата територија. Во 2024 година од 250 се зголеми на 305 винарии од кои многу од нив се брендирани. Девизниот прилив од извоз на македонско вино во 2023 година изнесува 56.7 милиони евра. Винскиот бизнис е профитабилен и препознатлив за многу семејства кои имаат семејна традиција и одгледување на винова лоза. Производството на вино имаат свое географско потекло кое влијае многу на продажбата на истите. Државата го препозна значењето на овој бизнис и во соработка на винариите подготви Вински регистар и Винска мапа на територијална распореденост на истите, со цел посетителите да се информираат за нивната локација и да ги посетат. Настаните поврзани со винската традиција во Македонија се одржуваат во февруари (Свети Трифун), кога се закројува виновата лоза и во септември кога родот се собира (Тиквешки гроздобер). Во Тиквешијата, кој е познат вински регион, има најмногу винарии кои се дел од познатите вински рути низ Македонија.
Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство како надлежна институција, заклучно со 30 јуни 2023 во својот вински регистар има евидентира 250 винарии од кои 167 се винарии од физички лица односно семејни винарии, а останатите како комерцијални фирми – винарии. Најголем дел од винариите се лоцирани во самите лозови насади. Винариите се важен сегмент во развојот на туризмот и винскиот туризам, и донесуваат значаен девизен прилив.
Онлајн верзија на картата овозможува посебно да се прикажат малите семејни винарии од останатите комерцијални винарии.
Винопедија во рамките на своите активности за потребата и подготовката на првата македонска винска енциклопедија и винска географска карта изврши геолоцирање и дигитално мапирање на регистрирани винарии со цел да овозможи на странските гости и винските ентузијасти брзо и едноставно пронаоѓање и лоцирање на винариите за нивно понатамошно истражување.

На винската карта покрај винариите во соработка со НУК – Независната угостителска комора мапирани се и значајни туристички и историски дестинации, вински продавници и вински музеи, како и угостителски објекти – хотели и вински ресторани кои нудат специјализирани вински дегустации во комбинација со македонски врвни гастрономски специјалитети за љубителите и истражувачите на винските дестинации. Онлајн винската карта е бесплатна и достапна преку Google Maps на следниот линк: https://cut.li/mwm. Онлајн верзија на картата ги прикажуваат малите семејни винарии од останатите комерцијални винарии. Во подготовка се англиски печатени верзии на вински карти која ќе бидат издадени наредниот период. Винските карти ќе послужат на транзитните патници и останати туристи што ќе престојуваат во Македонија да се информираат повеќе за винариите, винските рути и винската понуда од македонските семејни и останати винарии. In vino veritas-Во виното е вистината вели латинската изрека, алудирајќи на тоа дека личноста под дејство на алкохол отворено ги кажува своите скриени мисли и желби.





# КОИ ДОБИТНИЦИ НА НОБЕЛОВА НАГРАДА ЗА МИР БИЛЕ УБИЕНИ



Нобеловата награда за мир е најпрестижната награда што ја доделува Комитетот за доделување на наградата со седиште во Стокхолм. Доделувањето на оваа награда ја следеа контраверзи и несогласувања. Прв добитник на Нобеловата награда за мир е Анри Динан, Швајцарија, од Меѓународниот црвен крст во 1901 г., за неговата хуманитарна помош на ранетите војници и меѓународно разбирање. Се доделува на заслужни граѓански активисти и политичари кои дале огромен придонес за ра развојот на мирот и демократијата, решавање на споровите, развојот на демократските процеси во поделените општества, односно на личности кои продонеле за мирот во светот. Овој пат ние текстот го посветуваме на Нобеловците кои биле брутално убиени.
Мартин Лутер Кинг, Анвар Ел Садат и Јицак Рабин се добитници на Нобеловата награда за мир кои биле брутално убиените во разни временски периоди. Кои се тие? Тие се лица кои се бавеле со политика и кои директно биле инволвирани во настани и мировни процеси/преговори кои биле преломни за човековата цивилизација , мирот и демократијата. Првиот бил Мартин Лутер Кинг, баптистички свештеник од САД, а другите двајца биле актуелни претседатели на држави кои поради основањето на еврејската држава Израел на територијата на Палестина се залагале за мир. Тие се Анвар ел Садат и Јицак Рабин. Во продолжение хронолошки се осврнуваме на убиствата на добитниците на Нобелеовата награда за мир.



Мартин Лутер Кинг (1929-1968), баптистички свештеник, борец за граѓански граѓански права е добитник на Нобеловата награда за мир во 1964 година за неговата ненасилна борба за граѓански права на афроамериканското население во САД. Поради својата посветеност на ненасилниот отпор при спротивставувањето на расните предрасуди во САД, на 14 октомври 1964 на Кинг му беше доделена Нобеловата награда за мир. Мартин Лутер Кинг, на 35-годишна возраст, стана најмладиот добитник на Нобеловата награда за мир. Тој е убиен во 1968 година во градот Мемфис додека држел говор на терасата на хотелот во кој престојувал. Стана познат по неговиот говор "Имам сон", одржан во 1963 година во Вашингтон во близина на Белата куќа.



Анвар Ел Садат (1918-1981) е вториот политичар добитник на Нобелова награда за мир кој е убиен. Тој беше актуелен претседател на Египет кога беше убиен. Како лидер на Египет тој беше активно вклучен во мировните преговори помеѓу Египет и Израел во Кемп Дејвид, САД, во 1978 година. Мировниот договор од Кемп Дејвид, помеѓу Египет и Израел, на лидерите на двете држави, Анвар ел Садат и Менахем Беги им ја донесе Нобеловата награда за мир во 1978 година. Во одредени политички кругови во Египет, Договорот од Кемп Дејвид се смета за предавнички на националниот интерес и арапските држави, поради што во октомври во 1981 година, за време на воена парада во Каиро, му е извршен атентат.



Јицак Рабин (1922-1995) е изралски премиер кој во текот на својот мандат и им понудил на палестинците договор за автономија со кој требало да се стави крај на судирите меѓу израелците и палестинците. Според постигнатиот договор, Палестинската ослободителна организација (PLO) била призната како легитимен претставник на палестинскиот народ, а на Палестина требало да им се признае статус на самоуправа. За возврат Палестинците ја признале државата Израел и се откажале од формирање на палестинска држава и терористички напади. Овие договори биле потпишани на 13 септември 1994 год. во Белата куќа во Вашингтон. Поради овој договор, на 10 ноември 1994 на Јицак Рабин, Шимон Перес и Јасер Арафат ја добија Нобеловата награда за мир. Јицак Рабин е убиен во 1995 година за време на мировните демонстрации во Тел Авив, додека тој држел говор. Убиен е од страна на Јигал Амир кога Јицак Рабин тргнал кон својот службен автомобил.

# ФОРМИРАН СИНДИКАТ НА ЈАВНИТЕ УНИВЕРЗИТЕТИ ВО МАКЕДОНИЈА



Синдикатите од шесте јавни универзитети во Македонија се здружија и основаа Унија на синдикати во високото образование. Во Унијата се здружија: Синдикатот на Универзитетот "Гоце Делчев"-Штип, Синдикатот на Универзитетот "Кирил и Методи"-Скопје, Синдикатот на Државниот универзитет во Тетово, Синдикатот на Универзиттот "Климент Охридски"-Битола, Синдикатот на Универзитетот "Мајка Тереза"-Скопје и Синдикатот на Универзитетот "Свети Апостол Павле"-Охрид. Станува збор за гранков синдикат на вработените во јавните универзитети. Овој синдикат, претставува прва организациона форма на вработените од високото образование во Македонија. Раководството како прва задача си постави потпишување на колективен договор за вработените во високото образование на Македонија. Седиштето на Унијата е во Скопје. Унијата во моментот има околу 1. 800 членови, што е доволно да се добие репрезентативен статус од Комисијата, односно Министерот за економија и труд во областа на високото образование. Ваквиот статус на Унијата и обезбедува право да потпише колективен договор за дејноста високо образование, како и да има свои претставници во трипартитните тела во државата (Економско-социјалниот совет, Фондот за ПИОМ, ФЗО).
Во април 2024 година синдикалните организации од јавните универзитети потпишаа Меморандум за соработка во повеќе сегменти на дејствување на синдикатите. Прва реализирана активност на Унијата што произлегува од Меморандумот е основањето на Унија на синдикати на јавните универзитети. Во меѓувреме Унијата ги избра органите и телата и ги достави сите потребни документи за регистрирање во Регистарот на синдикати. На Унијата и посакуваме успешна работа во реализацијата на своите зацртани планови.





ГАБРИЕЛА КЛЕТНИЧКА-СТЕФАНОВ

# ПРЕТСТОИ ВОЗБУДЛИВО ЛЕТО ВО ШТИП








Популарниот “Д фестивал” кој со години наназад се одржуваше во Дојран, за својо 15 ти јубилеј се сели во градот под Исарот и тоа со малку променето име “The Festival”. 4, 5 и 6 ти Јули Штип ќе биде епицентар на забавните случувања, голем број на популарни мизички артисти ќе ја разбудат желбата за забава кај младите.

Овој музички фестивал е од големо значење за градот. Овој настан на нашиот Штип ќе му донесе голем број на посетители кои ќе придонесат во подобрување на локалната економија.

Покрај оваа придобивка градот под исарот со овој настан ќе овозможи на младата популација тридневно уживање во забавата и музиката на многу врвни артисти.

Фестивалот и оваа година, како и претходните ќе се одржи на отворено и тоа во подножјето на тврдоната Исар, на пешачката патека покрај реката Брегалница.

Ова ќе им овозможи на сите посетители дополнитрлно уживањр и во погледот на тврдината Исар, како и во свежиот воздух покрај река Брегалница.

Покрај промената на местото, главниот белег на фестивалот како што се кампинг зоната и неколку тазлични стејџови нема да биде променет.



ТАТЈАНА НАЌЕВА




# ГРЕНЛАНД

Гренланд стана топ тема на глобално ниво откако претседателот на САД, Доналд Трамп, најави дека “вака или онака”, островот ќе стане дел од територијата на САД. Ваквата негова изјава ги разбранува политичките води ширум светот, особено во Данска, бидејќи Гренланд е остров кој има политичка автономна во рамките на кралството Данска. Многумина оваа изјава ја протолкуваа како најава за експанзионизам и агресија. Станува збор за територија која има поларна клима поради што е ретко населена. Најголем дел од населението припаѓа на посебна етничка група - Инуити. Ретко е населен. Островот има големо природни ресурси и поради тоа е интересен за многу инвеститори.
Островот Гренланд се наоѓа на Северозападната хемисфера на планетата Земја и географски е во близина на Канада. Островот административно припаѓа на Кралството Данска. Стана актуелно откако Доналд Трамп побара да го припои кон САД . Гренланд е најизолираниот места во светот. Тој е најголем остров во светот со површина од 2.1 км2. Има поларна клима во него живеат околу 57 илјади жители. Населението претежно се занимава со риболов-лов на китови. Околу 80% од територијата на Гренланд е покриен со глечери и мраз. Нема патишта што ги поврзува населените места поради ретката населеност и нерамниот терен, но и поради долгото присуство на снег. Најдолг пат на островот е во должина од 6.2 км. Главно превозно средство се санките.
Иако и географски и етнички е поврзан со Северна Америка, политички и историски Гренланд е поврзан со Европа. Најблиски држави до Гренланд се Исланд на исток и Канада на запад.

Симболи на Гренланд
Островот има свои симболи со кој тој историски се идентификува. Има знаме и грб. Знамето има специфичен изглед, а е концепирано од страна на Ту Кристиансен. Се состои од две еднакви хоризонтални траки во бела и црвена боја, со голем диск на десната страна на знамето. Едната половина на кругот која што се наоѓа во белото поле е црвена, додека пак другата половина на кругот која што се наоѓа во црвеното поле е бела.



Грб на Гренланд е (бела мечка), кој е усвоен во 1989 година. Мечката ја симболизира фауната на Гренланд, додека сината боја ги претставува Атланскиот океан и Северноледениот океан.



Астрономска појава со положба на сонцето. Секоја година, од 25 мај до 25 јули, сонцето не заоѓа на Гренланд, и останува видливо 24 часа дневно. Овој феномен, познат како Полноќно сонце, е уникатна астрономска појава. Најдолгиот ден во годината, 21 јуни, се слави како национален празник на Гренланд.
Островот има над 2.1 км2 и територијата на Гренланд е поделена на пет територии. Гренланд во најголем дел е ненаселен остров. Во 2018 година, гренландската влада ги укина старите општини и сега државата е поделена на пет територии познати како општини. На Гренланд живеат 57 илјади жители, а главен град е Нук со 15.000 жители. Има автономен статус во рамките на Кралството Данска. Интересите на островот ги застапуваат двајца пратеници во Параламентот на Данска кој брои 179 членови. Островот има свој парламент кој брои 31 член.
Религија јазик. Население 88% се Калалити-група на Инуите (Ескими) 12% се европјани.
Ретки минерали. Гренланд има ретки земјени елементи итриум, скандиум, неодимиум и диспрозиум, кои се од суштинско значење за производство на мобилни телефони, електрични возила, магнети со високи перформанси, ветерни турбини, батерии, разни електроника за широка потрошувачка, нуклеарни реактори и воени апликации.
Рудно богатство. Има големи наоѓалишта на рудно богатство-метали (олово, цинк, бакар, молибден, титаниум-ванадиум, ураниум, има нафта и гас, резерви на графит-за производство на батерии)
Што ќе се случи со островот во иднина останува времето да покаже. Меѓународната глобална политика најавува дека судбината на островот треба да се гледа во контекст на империјалистичката политика на одредени земји и новите геополитички поместувања во светот.

# УБАВИНИТЕ НА МАЛТА



Во средината на средоземното море се наоѓа прекрасната островска земја Малта. Медитеранската клима и прекрасните тиркизни бои на морето секоја година прилекуваат илјадници туристи. Малта е мала земја која се протега на површина од 316м2, но богата е со многу културно – историски споменици и знаменитости. Оваа земја ја нарекуваат и земјата на витезите бидејќи има многу објекти кои се изградени од крстоносците.

Главниот град Валета воодушевува со своите прекрасни градби и камени улици. На самиот влез пред главното шеталиште се наоѓа познатата фонтана Тритон (Il-Funtana tat-Tritoni). Таа се состои од три брозени Тритони кои држат голем бронзен сад и ова претставува голема атракција за сите посетители на Валета.

Овој прекрасен остров изобилува со многу цркви и катедрали кои имаат големо историско значење. Овде ќе ја издвојам катедралата „Свети Јован“ (St Johns CO-Cathedral) која е една од највпечатливите и историски значајна знаменитост на островот.

Таа била изградена помеѓу 1572 и 1577 година и е посветена на Свети Јован Крстител. Една од најпознатите уметнички дела која се наоѓа во катедралата е сликат „ Обезглавувањето на Свети Јован Крстител “од Караваџо.
Убавините на овој мал остров не завршваат овде, секој кои би ја посетил Малта не би









останал рамнодушен на Мдина или познат како „градот на тишината“ или старата престолина на Малта. Високите ѕидини и каменестите улички кои наликуваат на лавиринт со прекрасните цвеќиња кои се протегаат над портите се несекојдневна гледка за сите посетители. Овде се наоѓа катедралата „Свети Павле“ која е главна црква во Мдина и датира од 17 век, исто така посетителите ќе имат можност да ги посетат и катакомбите „Свети Павле“ што претставува едно несекојдневно доживување.
Како дел од црковните убавини на Малта би ја издвоила и црквата во Моста „Успение на Пресвета Богородица“ (Santwarju Bazilika ta' Santa Marija). Изградена е помеѓу 1833 и 1860 година. Дизајнот на оваа црква е заснован на Паитеонот во Рим и ја има трета по големина купола во светот и е најголемата црква во Малта. Во 1942 година за време на втората светска војна куполата ја пробила воздушна бомба и паднала во црквата за време на миса, но не успеела да експлодира. Малтешкиот народ ова го веруваат за чудо.

Покрај историските убавини на овој остров се наоѓаат и преубави плажи и пештери со кристално морска вода. Една од најпознатите плажи е Сината Лагуна . Често се смета за најубавото место на медитеранот. Сместена е во каналот помеѓу Комино и Коминото , на 25 минути од Малта со траект или еднодневни патувања со брод кои на турстите и пружат обиколка на пештерите и уживање во недопрениот морски свет.
Ова се само дел од убавините на Малта, таа крие уште илјадници приказни кои со сигурност би им го привлекло вниманието на сите.
Покрај овие убавини, нешто кое мора да се посети и искуси кога би биле на Малта се така наречените „ фести“. Тоа претставува традиционално малтешко празнување на сите нивни празници , каде тие ги украсуваат градовите и сите улици со знамиња со мотивот на празникот, се собираат на плоштадите и ги гледаат прекрасните огномети.





# СТРУМИЧКИ КАРНЕВАЛ: ”ПАТУВАЊЕ ВО ТРАДИЦИЈАТА И ПРОСЛАВАТА”



Сместен во југоисточниот агол на Македонија, Струмица е град познат по своето богато културно наследство и живи традиции. Меѓу неговите најочекувани настани е годишниот Струмички карневал, манифестација која ја доловува суштината на историјата, креативноста и духот на заедницата на градот. Се одржува секој февруари, карневалот е еден од најголемите и најпопуларните во регионот, привлекувајќи илјадници посетители од целата земја и од странство.

Струмичкиот карневал датира од 19 век, со корени длабоко вградени во фолклорот и земјоделските циклуси на регионот. Традиционално тој го означува почетокот на постот, нудејќи последна можност за гозба, играње и веселба пред свеченоста на периодот на постот. Со текот на годините, настанот еволуираше во спектакуларен приказ на локални обичаи, уметничко изразување и радосна прослава, покажувајќи го енергичниот дух на струмичани.

Во срцето на карневалот се шарените паради што се вртат низ улиците, со учесници облечени во елаборирани костими и маски. Овие костими, често изработени со сложени детали, одразуваат спој на локалниот фолклор, митски суштества и современи теми, создавајќи впечатлив визуелен спектакл. Се верува дека маските, кои се централен елемент на карневалот, ги штитат злите духови и носат среќа за годината што претстои. Традицијата на правење маски се пренесува низ генерации, при што секоја маска раскажува приказна и додава на богатата тапиserија на настанот.

Музиката и танцот се составен дел од атмосферата на карневалот, со локални бендови кои свират традиционални македонски народни песни заедно со помодерни ритми. Живите танци, кои често се изведуваат на централниот плоштад во градот, ги повикуваат луѓето од сите возрасти да се придружат во забавата, создавајќи чувство на единство и споделена радост меѓу локалното население и посетителите.

Еден од најуникатните аспекти на Струмичкиот карневал е натпреварот помеѓу различни групи и општества. Овие групи, често формирани од семејства или населби, прават огромни напори за да создадат највпечатливи и најимагинативни костими. Конкуренцијата е жестока, а учесниците се борат за награди и посакуваната титула за најдобар костим. Креативноста и трудот вложен во костимите ја отсликуваат гордоста што струмичани ја имаат во своето наследство и значењето што го даваат на карневалот како културен настан.

Покрај парадите и претставите, Струмичкиот карневал е и време за гозба. На тезгите низ градот се служи традиционална храна, како што се бурек (солено пециво исполнето со месо или сирење) и тавче гравче (обична чорба од грав). Локалните вина и домашната ракија течат слободно, придонесувајќи за празничната атмосфера. Карневалот е исто толку за уживање во вкусовите на Струмица, колку и за уживање во неговите звуци и глетки.

Во последниве години, Струмичкиот карневал привлече се поголема меѓународна публика, при што туристите доаѓаат во градот за да го искусат неговиот уникатен спој на традицијата и современата култура. За многумина тоа е ретка можност да бидат сведоци на прослава која е длабоко вкоренета во заедницата и историјата, а сепак постојано се развива за да прифати нови влијанија.

Во 2013та година, списанието Arabian Travl News го рангираше Струмичкиот карневал меѓу 20-те најдобри улични карневали во светот. Во 2014 година, најпознатиот американски телевизиски канал NBC својата репортажа за карневалите во светот ја насолови: ”Од Бразил до Македонија: Карневалите ги започнуваат шарените прослави”, што започна со карневалот во Рио, а заврши со Струмичкиот карневал.

Во 2017 година Министерството за економија на Република Македонија по трет пат го прогласи за најдобар туристички настан во Македонија.

Во 2018 година специјализираниот магазин на словенечката компанија - Адриа: In the Air” го вброи Струмичкиот карневал меѓу седумте највозбудливи зимски настани во Европа во импресивното друштво на градови како Хаселт, Амстердам, Љубљана, Венеција и Келн. На тоа во своите извештаи обрнуваат внимание голем број светски медиуми, од кои посебно се истакнува Дејли Мејл по опширната репортажа за два кармевали, традиционалниот карневал на Навалакруз во Шпанија и Струмичкиот карневал.

Секако, треба да се спомнат и написите во медиумите во Аруба-Холандиски Кариби, кои објавиа опширни репортажи за Струмичкиот карневал.

Како што завршува последната парада и бледнеат последните ноти на музика, карневалот зад себе остава траен впечаток на радост, креативност и културна гордост. Во Струмица, карневалот е повеќе од обичен настан – тој е жив доказ за силата на традицијата, моќта на заедницата и нераскинливата врска меѓу луѓето и нивното наследство.













# ОДБОЈКАРИТЕ НА ШТИП УГД ВТОР ПАТ ПО РЕД ГО ОСВОИЈА КУПОТ НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025

## ОДБОЈКАРИТЕ НА ОК ШТИП УГД СТАНАА СПОРТСКИ БРЕНД







Одбојкарите на ОК Штип УГД втор пат по ред го освоија Купот на Македонија. Во финалето, кое се одржа во Радовиш, го победија шампион на државата, ОК Струмица со резултат 3:0. Претходно во полуфиналето ја победија екипата на ОК Работнички, исто така, со 3:0. Со тоа, одбојкарите на Штип УГД продолжија да ја пишуваат својата спортска историја на големи успеси. По повод големиот успех, одбојкарите и стручниот штаб на ОК Штип УГД беа примени од Ректорот на Универзитетот "Гоце Делчев", проф. д-р Дејан Мираковски. На приемот, на одбојкарите и раководството на клубот им беа упатени искрени честитки и искажана силна поддршка и желба за освојување на шампионската титула во престојното разигрување. Освен тоа, на свеченоста, ОК Штип УГД на ректорот Мираковски му додели благодарница за соработката и поддршката на клубот, како и одбојкарска топка потпишана од сите одбојкари.







# ДОЈДЕ ВРЕМЕ АФРИКА ДА БИДЕ ДОМАЌИН НА ЛЕТНИТЕ 2036 ОЛИМПИСКИ ИГРИ

## СРЕЌНО АФРИКА!



Летните олимписки игри никогаш не се одржале на Африканскиот континент. Главниот град на Египет, Каиро, беше кандидат за домаќин на Игрите во 2008 година, но ја изгуби трката со главниот град на Кина, Пекинг, кој ја доби организацијата. Спортистите од Африка со остварените спортски резултати на сите меѓународни натпревари, особено во атлетиката, заслужија нивниот континент да биде домаќин на ЛОИ. Од географска гледна точка само уште Африка не била домаќин/организатор на Олимписки игри. Најголем спортски настан кој досега е одржан на африканскиот континент е Светското првенство во фудбал во Јужна Африка во 2010 година. Најголема заслуга за добивање на организацијата на Светското фудбалско првенство во Јужна Африка има Нелсон Мендела, кој својата популарност ја стекна како борец против апартхејдот и за правата на човекот.

Спортските работници од Африка си поставија цел да ја добијат организацијата на ЛОИ во 2036 година. Спортистите и политичарите од Африка засилено лобираат во борбата за добивање на организацијата на ЛОИ во 2036 година. Кои држави се главни кандидати? Според усвоените критериуми на МОК, земјата организатор треба да исполни повеќе критериуми. Организаторот на ЛОИ, пред се, треба да поседува развиена спортска и комуникациска инфраструктура (стадиони, спортски сали, аеродроми, автопатишта, метро, железница, пристаништа....). Додадена вредност на државата-кандидат е стабилната политичка и безбедносна состојба. Засега, Египет е единствена и најсериозна земја-кандидат од Африка. Таа, е една од најразвиените држави во Африка и има големи шанси да ја добие организацијата во 2036 година. Во септември 2022 година, државниот врв на Египет официјално објави дека Египет се кандидира за домаќин на ЛОИ во 2036 година.

Африка има одлични спортисти кои остварија многу светски рекорди, но се освојувачи и на многу златни олимписки медали.

Меѓународниот олимписки комитет (МОК) објави дека преговара со 10 потенцијални кандидати за домаќини на Летните олимписки игри во 2036 година. Тие се: Египет, Индија, В. Британија, Индонезија, Мексико, Катар, Мексико и др.

Следните игри ќе се одржат во Лос Анџелес во 2028, додека во 2032 ќе се одржат во Бризбејн, Австралија.

Редно е Африка да биде домаќин на летните олимписки игри. Континентот заслужува да биде домаќин на ЛОИ во 2036 година, бидејќи африканските спортисти со своите спортски резултати и рекорди го задолжија Меѓународниот олимписки комитет (МОК) да и ја додели организацијата. Зошто тоа да не биде Египет. Среќно Каиро 2036.

# КЕТИ ФРИМЕН АБОРИЏИНКА КОЈА ГО ВОСХИТИ СВЕТОТ



Кети Фримен (Chatrine Astrid Salome Freeman), етничка Абориџинка од Австралија стана позната по тоа што е првата жена која освои златен медал за Австралија, а потекнува од автохтониот народ на континентот. Таа стана позната и по тоа што на свечената церемонија на отварање го запали олимпискиот оган на ЛОИ во 2000 година во Сиднеј. Таа е Абориџинка, припадничка на автохтон народ кој живее во Австралија. Но, таа си ја зголеми популарноста и по тоа што го освои златниот олимписки медал во трката на 400 метри. Таа е прва спортистка во светот која освоила златен медал и припаѓа на автохтон народ на еден континент. Таа стана прва и досега единствена спортистка која на исти игри го запалила олимпискиот оган и била освојувач на златен медал. Поради тоа, таа стана хероина на Австралија. По освојувањето на златниот медал победата ја прослави со виорење на знамето на абориџинскиот народ, што според правилата на МОК не е дозволено. Во случајот таа можеше да го носи и виори знамето на Австралија за која се натпреваруваше. Сепак, ваквото нејзино однесување не било казнето од страна на МОК. Таа атлетската кариера ја заврши во 2003 година. Поради нејзините заслуги во атлетиката, таа стана член на органите и телата на Меѓународната атлетска федерација. Родена е во 1973 година во Маккај, Квинсленд, Австралија.`







62

УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ